BAZCT

# ГАЛЕРИЈА НА СОВРЕМЕНА ЈУГОСЛОВЕНСКА ГРАФИКА

**Б И Т О Л А 23. 09. — 02. 10. 1984**

„Треба да се признае дека првата средба со ВДИСТ беше скептична. Но, таа скепса капитулира ... пред експонатите на тие млади сликари кои расчистија со провинцијализмот, со своето сликарство, со тажните заостанатости на едно минато кое не го обогати тој далечен град со никаква ликовна традиција, а постои во таа непомирливост на овие млади луѓе една неподвижна компонента на новото социјалистичко општество, социјалистичка одговорност на младите интелектуалци ...“

J. Деполо

Тоа е само една од критиките и признанијата кои ги добива ликовната група ВДИСТ од Битола презентирајќи ги своите експонати на заеднички изложби низ Земјата и отворајќи пат и место во Современата југословенска уметност од нивното формирање (1955 г.) до денес. Нејзините членови: Видимче Пецо, Димовски Јован, Ивановски Методија — Менде, Спировски Перо и Траиковски Борислав, ги здружи тенденцијата за популаризација на ликовната уметност на крајниот југ на Југославија и стремежот за надградување и обогатување на ликовните сознанија од Уметничките школи и Академиите. Со таков ликовен занес, упорно и енергично го градеа својот ликовен речник, создавајќи дела со индивидуален творечки белег. Делата ги работат со длабоки емоција, доживеани искрено и суптилно.

**Видимче Пецо** — основните ликовни елементи: бојата цртежот и формата, смело ги подредува на своите барања, вклопувајќи ги со одредените техники. Сталожен и студиозен, длабоко навлегува во проблематиката на своите дела во т.н. „асоцијативен експресионизам“. Во различните животни моменти, формата и колоритот го карактеризираат сликарскиот израз на Видимче: — прочистен, интимен, топол и благ, особено со нераскинливата поврзаност на основните ликовни компоненти, цртежот и бојата.

**Димовски Јован** — со својот ликовен третман прикажува постојана потрага по убавото низ разновидни тематски определби. Неговиот ликовен јазик инсинуира настојување кон фактурата која би асоцирала нешто традиционално и „македонско“, инспирирајќи се од македонските фрески и икони. Колоритот е студен, здржан и тонски решен. Поновите ликовни стремежи покажуваат усогласување на енформелот, на асоцијативното сликарство низ структури сочинети од поедноставни елементи, синтетично прикажани и асоцијативно врзани за стварноста.

**Ивановски Методија — Менде** — создава убаво хармонизирани тоналитети на бои во разнообразни тематски определби. Како инспиративни елементи во ликовното изразување на Ивановски, би требало да се нагласат: Фолклорот и средновековната фреска кои во поедини експонати особено доаѓаат до израз во т.н. „класичен експресионизам“, низ фиксирање на облиците и плошно нанесување на колоритот. Карактеристично е воспоставувањето рамнотежа и хармонија на поедини делови од сликарското сиже, со што создава оригинален ликовен израз и сопствен стил.

**Спироски Перо** — е заинтересиран за поедноставени, чисти плотни на боја низ кои ги гради ликовните композиции инспирирани од македонскиот пејзаж: пелагониски рамнини. планини, реки, езера. Во делата се чувствува сигурност во потегот, внатрешна ликовна кохезија на плановите и пастуозна палета со звучни и чисти тонови. За него цртежот е во втор план, а богатиот колорит експресивно ја исполнува формата. Низ делата доминира импресионизмот и доследно ги рефлектира ликовните изразни тенденции на Спировски од првите изложби до денес.

**Траиковски Борислав** — е карактеристичен по својот индивидуален ликовен израз кој доста смело го манифестира уште во почетокот на неговата ликовна кариера. Експресионизмот, црната контура, загасити тонови, патетичност и мала, нагласена деформација, претставуваат карактеристики на неговиот ликовен опус. Тематската насоченост е доста хетерогена со пејзажи, мртви природи, фигуративни и асоцијативни претстави. Траиковски, во своите дела гради една колористична, архитектонска робусна и масивна експресивност, со агресивна „фовистичка звучност во колоритот“. Експресионизмот е поле каде ја прочистува и истанчува неговата ликовна култура.

Творејќи здружено и индивидуално, членовите на ВДИСТ, ги освојуваат симпатиите на ликовната критика и се добитници на голем број награди и признанија. Нивната долгогодишна активност, ја изразува упорноста во доследното извршување на зацрта ните планови, желби и задачи.

Лиљана Христова

**ВИДИМЧЕ ПЕЦО**

Скопје, „763“ 9 IV/13, тел.: 259-752

Роден во Битола 1921 година. Дипломирал на Академијата за ликовна уметност во Белград 1952 година. Член на ДЛУМ од 1953 година.

Награди:

— Ноемвриска награда за сликарство на град Битола;

— Наградата „НЕРЕШКИ МАЈСТОРИ“

— Ноемвриска награда за сликарство на град Скопје.

— „11 октомври“ награда за животно дело.

1. ДУЕТ — темпера
2. НОСТАЛГИЈА — темпера
3. РАДОСТ — темпера
4. НОКТУРНО — темпера
5. СЕЌАВАЊЕ — темпера



ФИГУРА

**ДИМОВСКИ ЈОВАН**

Белград, „Бачванска“ 21/II, тел.: 400-924

Роден во Битола 1928 година. Завршил сред-на художествена школа во Скопје и Академија за применета уметност во Белград, дипломирал на отсекот за декоративно сликарство во 1953 година.

Член е на УЛУС и УЛУПУС, групата „СИНГИАРТ“ — Белград и Друштвото на ликовните уметници на општината Вождовац — Белград.

Награди:

— Награда на општината Вождовац — за ликовно творештво.

6. САНИРАН ТЕРЕН — масло
7. СТАРО СКОПЈЕ — масло
8. УРНАТИНИ I — масло
10. УРНАТИНИ II — масло
10. УРНАТИНИ III — масло



ОРЕОЛ НА СОЛИДАРНОСТА

**ИВАНОВСКИ МЕТОДИЈА — МЕНДЕ**

Скопје, „Бул. Партизански одреди“ 97/27;
тел.: 250-542

Роден во Битола 1929 година. Завршил сликарство во Уметничката школа и Пед. академија во Скопје. Член на ДЛУМ од 1952 година.

Награди:

— Ноемвриска награда за сликарство на град Битола.
— Најдобра сценографија на театарските игри „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“.
— Ноемвриска награда за сликарство на град Скопје.
— Награда со диплома за сценографија на фестивалот ЗЛАТНО СЛАВЕЈЧЕ“ во Скопје.

11. ГЛАВА НА ХЕРАКЛЕЈКА — масло
12. ТИШИНА ПРЕД ПОРТАЛИТЕ — масло
13. ЦРВЕНА МАРИЈА ОД ЈУЖНИОТ ЅИД — масло
14. БЕЛИНИ НА ЈУЖНИОТ ЅИД — масло
15. ПОРТРЕТИ ВО ПРОСТОРОТ ЗРАЧЕН — масло



СРЕДНОВЕКОВЕН ТИМПАНОН

**СПИРОСКИ ПЕРО**

Битола, „Стефче Патако“ 2а тел.: 24-193

Роден во Битола 1928 година. Завршил Средна художествена школа и Педагошка академија — сликарство — во Скопје. Член на ДЛУМ од 1952 година.

Награди:

— Откупна награда на X јубилејна изложба на ДЛУБ.

— III награда на анонимниот конкурс „МАКЕДОНСКИ ПЕЈЗАЖ“ — Скопје.

— Мајска награда на ДЛУБ за најдобро дело на изложбата.

16. ЦРВЕНО РИДЈЕ — масло
17. ПРОЛЕТЕН КОНЦЕРТ — масло
18. СТРЕЖЕВО — масло
19. ЗИМСКИ ДЕН — масло
20. НЕМИР — масло



ЗИМСКА ПРИКАЗНА

**ТРАИКОВСКИ БОРИСЛАВ**

Битола, „Солунска“ 223, тел.: 25-966

Роден во Битола 1917 година. Академија за ликовна уметност заврши во Белград 1951 година. Член на ДЛУМ од 1951 година.

Награди:

— Ноемвриска награда за сликарство на град Битола.

— Мајска награда на ДЛУБ за најдобро дело на изложбата — два пати.

— Орден на трудот од III степен по повод 30 години на ДЛУМ.

— Откупна награда на ДЛУБ.

— „11 ОКТОМВРИ“ награда за животно дело.

21. АКТ — масло
22. НЕНАСИТЕНОСТ — масло
23. АНТИЧКА ТЕМА — масло
24. ПЕЈЗАЖ I — масло
25. МРТВА ПРИРОДА — масло



МРТВА ПРИРОДА

галерија
на современа
југословенска
графика
битола